ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 134 – 1/2011
Загреб, 23. 10. 2011.

# З А П И С Н И К

**од 11. седница на** Управниот **одбор** на Заедницата **која се** одржа на ден **23.10.2011 година** **со почеток во 12.45 часот во просториите на Заедницата** на Македонците во РХ, во **Масарикова 16/1, Загреб.**

**Присутни членови:** Ангел Митревски – претседател на Заедницата, Никола Гроздановски – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Благој Штерјов – Загреб, Јагода Цветичанин – Осиек и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата, Томе Апостолоски – претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Марина Апостоловска – главна и одговорна уредничка на „Македонски глас" и Орце Ламбевски – член на Надзорниот одбор на Заедницата.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, особено новиот претседател на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање едногласно го усвоија, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. **Усвојување на записникот од 10-та седница на УО;**
2. **Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас" и усвојување на донесените одлуки;**
3. **Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2011.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;**
4. **Усвојување на „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2011. godine (Obrazac FK-1)" со трошковниците, патните налози и авторските хонорари;**
5. **Договор околу реализацијата на програмите во 2011 година и усвојување на донесените одлуки;**
6. **Договор за План и програма на работа за 2012 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата и усвојување на донесените одлуки;**
7. **Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имотната состојба на Заедницата за 2011 година и ќе направи записник;**
8. **Разно.**

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 10-та седница (прилог). Членовите на УО со јавно гласање едногласно **ја донесоа следната одлука:**

- Записникот и понатаму да се изработува во иста форма како и последните два, а доколку некој има сериозни забелешки на записникот, ќе му се овозможи да го провери тоа на тонскиот запис кој ќе се чува во Заедницата.

**Ад. 2.** Претседателот Митревски ги повика членовите на расправа.
**Забелешки:**
* М. Мајиќ – изрази незадоволство бидејќи во списанието „Македонски глас" МКД „Билјана" и понатаму не добива доволно место за нејзините манифестации, а и големината на буквите на прилозите и сликите е многу мала.
* Б. Штерјов – изрази незадоволство за објевените текстови на МКД „Охридски бисер" на црно-бели страници.
* А. Митревски – рече дека неговите интервенции во „Македонски глас" се однесуваат само за некои текстови кои се актуелни и од големо значење, останатото останува на уредување на главната уредничка.
* В. Лозановски – во недостаток на место во списанието, текстови како што се фељтони за Сремскиот фронт треба да се редуцираат, а да се посвети повеќе простор пред сè, на текстови врзани за работата на Заедницата и друштвата.
**Пофалби:**
* Е. Петровска – пренесе позитивни реакции за изработката на списанието како и покани за соработка од многуте лица коишто го читаат „Македонски глас" откога тој се проследува по електронска пошта на безброј адреси во Хрватска, Македонија и пошироко.
* Ј. Цветичанин – рече дека во последно време е многу подобрен „Македонски глас" како списание, а и соработката меѓу лицата кои работат на него.
**Предлози:**
* А. Митревски – доколку ќе дозволат средствата идната година, „Македонски глас" комплетно да се печати во боја.
* Е. Петровска – текстовите да се сортираат по приоритет и значење, а не по должина, и да се поработи на нов дизајн на страниците.
* Т. Апостолоски – да се додадат уште 4 страници во „Македонски глас" во кои ќе се следи работата на Советот на МНМ во Загреб (тие страници би биле на нивна сметка), а и на останантите Совети на МНМ во РХ.

По расправата, Апостоловска го објасни концептот и планот на уредувањето на „Македонски глас" и одговори на поставените забелешки од членовите. На крајот се дојде до заклучок дека требе уште поинтензивно да се соработува со дописниците и претседателите за поквалитетна содржина на списанието.

**Ад. 3.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта само од друштвата од Загреб, Риека и Задар, и Заедницата (прилог). Друштвото од Сплит својот информатор го достави на седницата. Друштвата од Пула и Осиек не ги доставија своите информатори. Претседателот Митревски ги информираше членовите за точките 13., 14., 15., 16. и 17. од информаторот на Заедницата.

**Ад. 4.** За кварталниот финансиски извештај на Заедницата „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2011. godine (Obrazac FK-1)" со трошковниците, патните налози и авторските хонорари (прилог), Петровска рече дека е уредно изработен. Митревски ги опомена Осиек и Загреб да ги уплатат средствата за „Илинден" од идниот трансфер.

По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање едногласно ја донесоа следната одлука:

- Се усвојува „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2011. godine (Obrazac FK-1)“ со трошковниците, патните налози и авторските хонорари.

Ад. 5. По расправата, членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните одлуки:

- „Денот на Заедницата на Македонците во РХ“ да се одржи на 19 ноември во Осиек;
- „Рациновиот ден“ да се одржи на 26 ноември во Самобор;
- „Трибината Македонија вчера, денес, утре“ да се одржи во соработка со Амбасадата на РМ во РХ во Сплит и Задар.

По оваа точка членовите на УО направија куса пауза.

Ад. 6. Претседателот А. Митревски ги информира присутните дека идната година се очекува средствата за програмите да бидат на ниво на овогодишните, а аконтациите за првиот квартал на 2012 година, се очекува да бидат минимални. За предлозите на програмите за издаваштво кои се пристигнати до Заедницата, како и останатите програми, ќе се расправа кога ке излезе јавниот повик од Советот за национални малцинства на РХ. Исто така, за програми треба да се аплицира и од други извори, нпр. од Македонија и ЕУ.

Ад. 7. Членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните одлуки:

- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Никола Гроздановски, Благој Штерјов, Орце Ламбевски и Елизабета Петровска.

Ад. 8. Мајиќ информираше дека на 16 октомври на „Радио 057“ во Задар започна со емитирање емисијата „Македонска ура“ и и подари на Заедницата ЦД со содржината на првата емисија. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање едногласно ги донесоа следните одлуки:

- Се даруваат 20 примероци на книгата „Хронологија на Охридската Архиепископија – II издание“ и 10 примероци на книгата „Прометеи Македонски“ на авторот Огнен Бојаџиски на негово барање за промоции во Белград и Црна Гора;
- Се одобрува дневниците на водителите и наставниците на Летниот камп што се одржа на Шолта „Рогач 2011“ да изнесуваат 100,00 кн;
- Се одобрува Заедницата да му даде поддршка на претседателот Ангел Митревски за кандидатура на претстојните избори во Хрватскиот сабор да ја претставува групата во која се вбројува и македонското малцинство;
- Се задолжува Митревски да ја намали цената за изработка на нова Веб страница на Заедницата, со тоа да се изработат пет страници одеднаш за МНМ во РХ (секој корисник да плати по 1.300,00 кн.).

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата. Седницата заврши во 16.30 часот.

Записничар:
Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на Заедницата:
Дипл.инг. Ангел Митревски